**Соопштение бр. 3, Јануари 2023**

# Нов бесплатен е-курс за наставници и едукатори по сексуално образование

Меѓународното истражување на оваа тема покажува дека сексуалното образование е тема која сè уште игра маргинална улога во образовната програма на учениците во многу земји од Европската Унија. Уште повеќе изгуби на важност сексуалното образование насочено кон групи изложени на ризик од маргинализација, како што се лицата со физичка и/или интелектуална попреченост.

Проектното партнерство на проектот Included неодамна објави прирачник со иновативна едукативна програма за обука и фасилитирање на програмата за сексуално образование преку креативни методи.

Прирачникот ја пополни содржинската празнина во образованието на учениците, но што со наставниците?

Рамката на политиката на СЗО за сексуално образование укажува дека „постои потреба од процес од дното нагоре, во кој наставниците се мотивирани, обучени и поддржани“ и нагласува дека „наставниците кои ќе ја спроведуваат програмата за сексуално образование идеално треба да бидат и обучени за тоа.“ Дополнително, наставниците треба да бидат спремни „да ги рефлектираат сопствените ставови кон сексуалноста и кон вредностите и нормите на општеството, бидејќи тие ќе служат како пример за учениците“.

Сепак, според извештајот за 2018 година „Сексуалното образование во Европа и Централна Азија: современа состојба и неодамнешен развој“, обуката на наставниците е слабата страна и е токму тоа што недостасува во сексуалното образование во многу Европски земји.

Курсот за е-учење создаден од партнерството на проектот Included има за цел токму да ги поддржи и опреми наставниците и училишниот персонал (воспитувачи, едукатори, педагози и сл.) за да го олесни процесот на фасилитирање на програмата за сексуално образование во училиштата.

Зошто да го изберете овој курс? Бидејќи е иновативен и затоа што нуди можности за:

- ✓ Обемна обука за наставниците, така што не само едукаторите кои го предаваат е-курсот за сексуално образование ќе добијат обука туку и сите наставниците да можат да бидат обучени со тоа што ќе се обезбеди вистински пристап до сексуалното образование на ниво на училиштето;

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

- ✓ Употребата на креативни методологии кои ќе му овозможат на наставникот да се вклучи истовремено во процесот на учење на своите ученици, каде што сите учат за себе но и едни од други, па оттука и искуството и пристапот на ваквиот вид на учење станува позначаен од традиционалните пристапи на наставник-подучува-ученик.

Курсот за е-учење е достапен бесплатно на сите јазици од партнерството од проектот (англиски, шпански, грчки, италијански, холандски и македонски), на веб-страницата на проектот на следниот линк: https://includedproject.eu/training/

**БЕЛЕШКИ**


- Проектот Included е кофинансиран од програмата Еразмус+ на Европската комисија според Договорот за грант: Еразмус+ 2020-1-UK01-KA227-SCH-094470

- Проектот се спроведува со партнерство на седум невладини организации, истражувачки иститут и јавни субјекти од различни европски земји. За да дознаете повеќе за проектот Included и за тоа како да се вклучите во активностите, ве молиме следете ја веб-страницата од проектот: www.includedproject.eu
- Национални податоци за контакт: vasileska.k@kmop.org


Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на содржината, која ги одразува само гледиштата на авторите, а Комисијата не може да биде одговорна за било каква употреба наинформациите содржани во неа.